РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 13-310/2
26-05-2022 20
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ

за антикорупциска проверка на
член 155-б и член 163 од Законот за здравствената заштита

**Наслов:**

Закон за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 20/2019 и 101/2019)

**Доставено барање мислење од овластен предлагач/по сопствена иницијатива :**

По сопствена иницијатива, врз основа на член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019).

**Област:**

Здравство

## Генерална оценка

**1. Осврт на барањето :**

Со законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2012, 145/2012, 87/2013,164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 20/2019 и 101/2019 ) се уредуваат прашањата кои се однесуваат на системот и организацијата на здравствената заштита и вршењето на здравствената дејност, загарантираните права и утврдените потреби и интереси на државата во обезбедувањето на здравствената заштита, здравствените установи, вработувањето, правата и должностите, одговорноста, евалуацијата, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските на здравствените работници и здравствените соработници, квалитетот и сигурноста во здравствената дејност, коморите и стручните здруженија, рекламирањето и огласувањето на здравствената дејност, вршењето на здравствената дејност во вонредни услови и надзорот над вршењето на здравствената дејност.

Со законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014,199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018) се уредуваат општите начела, класификацијата на работните места, евиденцијата, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, мобилноста, како и други општи прашања за вработените во јавниот сектор.

Работодавачи, според законот за вработените во јавниот сектор, меѓу другите се и институциите кои вршат дејности во областа на здравството.

Вработувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на јавен оглас , при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, се избира најстручниот и најкомпетентниот кандидат за работното место.

**2. Разгледани / консултирани дополнителни материјали:**

Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2012, 145/2012, 87/2013,164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 20/2019 и 101/2019),

Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014,199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018)

Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019 )

Државната Комисија за спречување на корупција, врз основа на член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија " бр.12/2019), а согласно со Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, по спроведената антикорупциска проверка на посочените одредби од Законот за здравствената заштита со кои се уредува класификацијата на работните места на вработените во јавните здравствени установи кои вршат работи од здравствената дејност и определувањето на нивоата на работни места на даватели на јавни услуги во здравството во Категорија „А" ( член 155-б) и прераспоредувањето на здравствен работник, односно здравствен соработник ( член 163), го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК

Државната комисија за спречување на корупција по извршената анализа и оценка на член 155-б и член 163 од Законот за здравствената заштита, со кои се уредува класификацијата на работните места на вработените во јавните здравствени установи кои вршат работи од здравствената дејност и определувањето на нивоата на работни места на даватели на јавни услуги во здравството во Категорија „А" и прераспоредувањето на здравствен работник, односно здравствен соработник, најде на постоење на недостатоци кои можат да продуцираат ризици од корупција.